# БИЗНИС ПЛАНИРАЊЕ | Назив на идеја: Еко Сончоглед      Име и презиме Никола Ивановски

## Основни податоци за бизнисот:

Вид на бизнисот (малопродажба/угостителска/производство...):
Форма на бизнисот (онлајн/реален/социјално претприемаштво):
Дејност на бизнисот (производствена/услужна):

Вид – Производство
Форма – Реален
Дејност – Производствена

## Понуда на вредност/и:

A // Каков **проблем**/**потреба** се обидуваме да им решиме или надминеме на клиентите?
B // Која или каква **вредност** му нудиме на нашиот клиент?
C // Што е тоа што го **издвојува вашиот бизнис од останатите**? (USP)

Во Европа како и во Македонија се повеќе има потреба од разни земјоделски култури, вклучувајќи го и сончогледот. Со оглед на кризата помеѓу Украина и Русија, како едни од најголемите извезувачи на вакви земјоделски производи во Европа кои не ги извезуваат истите во моментот или извезуваат многу намалени количини, побарувачката станува се поголема.
Со овај бизнис, ние се стремиме не само да ја пополниме таа дупка во пазарот за сончоглед, туку и да го направиме тоа на начин што ја заштитува околината и биодиверзитетот во истата со посебен фокус кон промоција на биодиверзитетот на поленатори како одредени видови на диви солитарни пчели кои и би го подобриле родот на сончогледот. Дивите поленатори се клучен дел од екосистемот и од огромна важност за голем број на земјоделски производи кои би имале намален род или намален квалитет на родот без нив. Но се повеќе ги уништуваме и го водиме поблиску до изумирање со класичните земјоделски методи. Штом можеме да го подобриме родот на нашиот производ и да го заштитиме природниот биодиверзитет за толку минимален трошок што сеуште би имале конкурентни цени со класичните производители, зошто да не го сториме тоа?

## Сегмент на клиенти/корисници:

A // За **кого** креираме вредност?
B // Кој е нашиот најважен **клиент/корисник**?

Возраст
Пол
Приход
Професија
Образование
Локација
Хоби

Продажбата би одела на големо кон други бизниси кои ќе го обработуваат сончогледот (во масло или печени сончогледови семки за грицкање).
Посебна корист би имале бизнисите кои се „зелено“ ориентирани кои сакаат да продаваат „зелени“ производи, но поради минималните трошоци, цените би биле конкурентни со класичните производители и со оглед на недостигот на сончоглед на пазарот сите класични откупни места исто така се добра опција.